**Читај го текстот внимателно и обележи ги маргините на текстот користејќи ги следниве знаци:**

Напиши ✓ (потврден знак) доколку она што си го прочитал си го знаел претходно и ти е познато

Напиши – (минус) доколку она што си го прочитал е поинаку од она што си мислел дека го знаеш

Напиши **+** (плус) доколку она што си го прочитал е ново и непознато за тебе

Напиши **?** (прашалник) доколку нешто не ти е јасно или сакаш повеќе да научиш за тоа

## ВТОРА ТЕМА „АНТИЧКА КНИЖЕВНОСТ“

# II Вовед во античката книжевност

Под книжевност се подразбира пишување на книги, односно книжевни дела кои имаат значајна вредност за човештвото. Книжевноста што се создавала на старогрчки и на латински јазик во антиката се вика **античка книжевност**. Книжевноста пишувана на старогрчки јазик се нарекува **хеленска**, додека книжевноста пишувана на латински јазик се нарекува **римска**.

Според тоа дали книжевните дела се пишувани во стих или проза, античката книжевност се дели на **уметничка** и **прозна**. Во уметнички книжевни родови спаѓаат **епика**, **лирика** и **драма**. Тие биле пишувани во стих. Меѓу нив најстара е епиката. Во прозни книжевни родови спаѓаат **говорништво**, **историографија, философија и уметничка проза**. Овие биле пишувани во проза, а философските дела биле меѓу најистакнатите и најценетите.



Во антиката книжевните дела ретко биле читани во затворен простор (дома), тие повеќе се слушале или гледале на јавни места, затоа што книгите (најчесто пишувани на папирус) биле недостапни и скапи предмети на древните пазари. Само благородниците што се занимавале со книжевноста (поети, философи, говорници) можеле да си дозволат да купат некој наслов на книга (папирусен свиток). Во класичниот период во Хелада и во Рим книгите станале луксузен предмет на богатите граѓани.

За да не се загубат со текот на времето поради тоа што папирусот или пергаментот со текот на времето се оштетувале и распаѓале, книгите биле умножувани со препишување во „антички препишувалници“ наречени **скрипториуми** каде што работеле бројни писари коишто воделе сметка за точноста и читливоста на препишаниот текст од еден на друг папирусен или пергаментен лист. Со препишување биле зачувани бројни дела од античката книжевност сѐ до денес.

Поради трошноста на папирусот како материјал за пишување, опстанокот на многу книжевни дела бил препуштен на случајноста. Затоа за античката книжевност се вели дека е **фрагментарна**, односно со други зборови зачувани се само делови од текстот на некоја книга или пак само насловот на книгата.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

**Пополни ја ИНСЕРТ табелата со препишување на текстот од обележаните делови со знаци. Не препишувај цели реченици, туку само накусо препиши ги деловите од речениците обележани со знаците:**

**Име и презиме на ученик и одделение:**

**-----------------------------------------------------------------------------------**



| **ИНСЕРТ – ТАБЕЛА** | | | |
|---|---|---|---|
| ✓ | – | + | ? |
| **Она што сум го прочитал(а) претходно и ми е разбирливо** | **Она што сум го прочитал(а) претходно, но не е така како што сум го знаел(а)** | **Нешто што е ново и непознато за мене** | **Нешто што не ми е јасно или нешто за што сакам повеќе да знам** |
| | | | |

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND